Бр.0401-4404/19
Од 16.01.2026година

Министерство за Правда
КПУ Затвор Скопје - Скопје

Индира Ганди Бр 11
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 2 650 546
(02) 2 650 547
Фах. (02) 2 650 549

Сајт:www.kpuzatvorskopje.gov.mk

E-Mail:
Kpu.Skopje@jutice.gov.mk
direktor.zatvor@gmail.com

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**КПУ Затвор Скопје - Скопје**

Директорот на КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ Скопје врз основа на член 45 од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20,215/21, 99/22 , 208/24 и 144/25), член 31 од Законот за извршување на санкциите ("Службен весник на РСМ" бр.99/19 220/19, 236/22 и 74/24), а во врска со објавениот јавен оглас за вработување во КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ Скопје со број на Агенцијата за администрација 1127/2025 и доставената конечна ранг листа на кандидати и Предлог за вработување на кандидати бр.10-2182/в.в.10-163/4 од 15.01.2026 година од Комисијата за селекција за вработување при Агенцијата за администрација, на ден 16.01.2026 година донесе:

## ОДЛУКА

*за избор на кандидат по објавен јавен оглас за вработување на административен службеник на неопределено време*

1.По јавен оглас за вработување на административен службеник со број на Агенцијата за администрација 1127/2025 објавен на ден 05.12.2025година во дневните весници „Нова Македонија" , „Вечер" и „Коха", како и на веб страната на Агенцијата за администрација, за работно место под реден број 1 (еден) Помлад соработник за спроведување на постапки за јавни набавки, Одделение за јавни набавки,Сектор за финансии се избира кандидатот **Ратко Зарлинов** со идентификациски код EB27BC2, за работно место под реден број 2 (два) Референт-Технички секретар, Одделение за општи и правни науки,Сектор за општи и правни работи се избира кандидатот **Марија Анѓелиќ** со идентификациски код FFCED4B и за работно место под реден број 3(три) Помлад референт за архивско и канцелариско работење, Одделение за општи и правни науки, Сектор за општи и правни работи се избира кандидатот **Ангелина Пиркова** со идентификациски код 4C9D8AB.
2.По завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа Одлука ќе се донесе соодветно Решение за вработување на избраните кандидати.
3.Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето кога и ќе се објави на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

## Образложение

По добиено известување за добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии бр.19-5821/2 од 23.07.2025 година, Агенцијата за администрација на својата интернет страница и во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха", објави јавен оглас број 1127/2025 за пополнување на работно место Помлад соработник за спроведување на постапки за јавни набавки, Одделение за јавни набавки,Сектор за финансии, Референт-Технички секретар, Одделение за општи и правни науки,Сектор за општи и правни работи и Помлад референт за архивско и канцелариско работење, Одделение за општи и правни науки, Сектор за општи и правни работи.
По спроведениот оглас бр.1127/2025 спроведена е постапка за административна селекција за која е составен Записник бр.10-2182/12 од 24.12.2025година, додека Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас спроведе постапка за полагање на испит и состави Записник од спроведениот испит за административен службеник бр. 10-163/2 од 09.01.2026година, потоа спроведе проверка на веродостојноста на доказите и по одржаното интервју се состави Записник бр. 10-163/3 од 14.01.2026година.
Врз основа на резултатите од сите фази на селекција до Директорот на КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ Скопје беше доставена Конечна ранг листа на кандидатите и Предлог за вработување на кандидати бр.10-2182/ в.в.10-163/4 од 15.01.2026 година, согласно кој за работното место за работно место под реден број 1 (еден) Помлад соработник за спроведување на постапки за јавни набавки, Одделение за јавни набавки,Сектор за финансии со вкупен број на освоени бодови во сите фази на селекција 64.28 се предлага за вработување лицето Ратко Зарлинов со идентификациски код EB27BC2, за работно место под реден број 2 (два) Референт-Технички секретар, Одделение за општи и правни науки,Сектор за општи и правни работи со вкупен број на освоени бодови во сите фази на селекција 62.80 се предлага за вработување лицето Марија Анѓелиќ со идентификациски код FFCED4B и за работно место под реден број 3(три) Помлад референт за архивско и канцелариско работење, Одделение за општи и правни науки, Сектор за општи и правни

работи со вкупен број на освоени бодови во сите фази на селекција 66.84 се предлага за вработување лицето Ангелина Пиркова со идентификациски код 4C9D8AB.
Врз основа на горенаведеното, Директорот на КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на нејзиното објавување на веб-страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Д и р е к т о р**
**на КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ Скопје**
Бобан Утковски

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
КАЗНЕНО-ПОПРАВНА УСТАНОВА ЗАТВОР СКОПЈЕ
INSTITUCIONI NDËSHKUES PËRMIRËSUES BURGU SHKUP
SHKUP
СКОПЈЕ